РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1991/0

Бр./Nr 09-1808/2
04-08-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 23.07.2021 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1808/1 од 06.05.2021 година, по што предметот се отфрла.

Предметот со број 09-1808/1 од 06.05.2021 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предмет со број 09-1808/1 од 06.05.2021 е оформен врз основа на пријава од непознат подносител со наводи дека директорка на Фондот за здравство во Берово, истовремено работи и како сметководител на приватни фирми.

По разгледување на наводите во пријавата, со оглед на тоа дека станува збор за анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата нема можност од подносителот да побара дополнителни информации во однос на наводите во истата. Имено во пријавата не е конкретизирано за кое лице станува збор, во кои приватни фирми работи како сметководител, ниту пак има можност да се добијат тие информации на друг начин.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, поради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: В.Г., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk